Александар ИЛИЕВСКИ

# ЕДЕН ДОКУМЕНТ ЗА ДЕЈНОСТА НА НАРОДНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО БЕРОВО ОД 1928 ГОДИНА

Народниот универзитет во Берово е основан во 1927/28 година. Или уште поконкретно, за ова може да се види и од писмото на Јеремије Павловиќ, учител и тогашен народен пратеник во Берово кој на 14 август 1928 година со писмо му се обратил на Министерот на просветата во Белград, во кое во првите редови подвлекува: "Во Берово, срез малешки, област брегалничка, минатата година е основан (се мисли на 1927 г.-н.з.), *Народен универзитет* (подвлечено во оригиналот на писмото-н.з.), а тоа е *Друштво* (исто-н.з.) кое има за цел со помош на зборот: (предавањата) и делата да работи на "*националното*" (подвлеченото е во оригиналот, а наводниците се наши, се знае на што се мисли-н.з.), *социјалното и културното подигање на народот во срезот малешевски* (подвлечено во оригиналот-н.з.). [1]

Според писмото може да се види дека Народниот универзитет работел како Друштво, кое било точно назначено, од што се гледа и неговата цел и задачи.

Во почетокот Народниот универзитет во соработка со споменатово друштво развил широка и интензивна дејност во која предничела предавачката активност.

Имено, за неполна година, Народниот универзитет во Берово одржал дури 175 предавања. Истите програмско-содржински биле од повеќе научно-популарни области. Предавањата обично се одржувале во празничните денови и во неделите попладне. Истите предавања се одржувале не само во градот Берово, туку и по селата. За предавачи биле ангажирани различни профили на кадри. Најчесто: просветни работници, инженери од сите струки (а најчесто од областа на земјоделството), ветеринарни лекари и медицински лица, правници, економисти и други.

Меѓутоа, како што се истакнува и во веќе споменатово друштво, сепак на Народниот универзитет во Берово за таквата негова широка и разновидна дејност му недостасувале одредени материјално-финансиски

1 Види: Акт бр.13074 од 14.VIII.1928 г., АЈ., Мин. просв.-66, Нар.универз.во Мак.-6

средства. Покрај тоа, истиот во почетокот не поседувал и своја библиотека, па според тоа се чувствувала потреба од набавка на определен книжен фонд од повеќе научно-популарни области, а со цел да може успешно да се обавува предавачката дејност, курсната настава и други форми на културно-просветен аматеризам во градот Берово и по селата[2].

При крајот на писмото на Јеремије Павловиќ, се подвлекува: "Затоа ми прави чест да Ве замолиме (се обраќа до Министерот на просветата - н.з.) опстојно да го проучите овој апостолски труд на Друштвото и ако најдете дека е корисен за нашата општа ствар на "Југот" (наводниците се наши, бидејќи и со тој термин во тој временски период се манипулирало за означување на Македонија, како територија - н.з.), Ве молиме со пари или со книги да го помогнете..."! И на крајот од писмото се вели истите да се достават на Народниот универзитет - Берово (брегалничка област), завршува писмото[3].

Во прилог на писмото бил доставен Преглед на предавања што биле одржани во Берово и Пехчево, во градовите и на село, во времето од 19.12.1927, заклучно со 4 јуни 1928 година, каде за неполна календарска, односно учебна година, односно работна сезона, биле одржани дури 175 разни предавања. Навистина Годишниот извештај за 1927/28 година на Народниот универзитет во Берово содржи мошне богата содржинско-програмска поставеност во рамките на реализацијата на народното просветување во овој регион.

Меѓутоа, ова друштво развило не само предавачка, туку и друг вид дејности, како што се наведува во споменатиов акт. Имено, тоа во споменатата година ги одржало и следниве активности: основало Соколско друштво, стрелачка дружина; поделило лекови за учениците на школите за укажување на прва помош; биле одржани повеќе програми и претстави по селата од страна на учителите, биле набавени дури и 100 шајкачи и поделени на децата по училиштата; друштво "Св.Сава" по училиштата во секое училиште облекло по едно дете, дури едно дете било испратено на изучување трговија во Вршац, бил помогнат и Беровскиот интернат, основало и библиотека, два члена на Друштвото во месец мај оделе по селата и ги обучувале селаните во сферата на калемењето и одгледувањето на овошните дрвца[4].

Меѓутоа, ако внимателно се следи оваа претходно искажана разновидна активност на Народниот универзитет во Берово, односно познатото Друштво, како што во почетокот беше кажана неговата цел и задачи, јасно може да се согледаат две работи: 1) тоа имало пред сè, би рекле, одредени граѓански цели и задачи, што ги протежирал тогашниот владеачки режим (набавка на шајкачи, испраќање на деца во Вршац, доделување награда "Св.Сава", и др.); и 2. сепак овој народен универзитет имал и свои образовно-културни и просветни дејности, што во многу

2 Исто.

3 Исто.

4 Исто.

придонело за народното просветување (одржување научно-популарни предавања; одржување курсеви од земјодеството од калемењето и одгледувањето овошни дрвца, предавање од обласа на народното и хигиено-здравственото просветување и др.)

Впрочем и во натамошниот текст на годишниот извештај се подвлекуваат овие две битни моменти во неговата дејност. Имено, по основањето на Народниот универзитет, односно споменатото Друштво, кај народот веќе се јавиле одредени реакции особено по одржувањето на некои теми од националните предмети: историја, јазик, географија и др., бидејќи се оспорувал македонскиот национален интегритет и индивидуалитет.

Од друга страна пак, се истакнува и дејноста што некои тогашни "Заслужни" членови се истакнале при споменатото Друштво, како што биле: Арсеније Петковиќ, поглавар на Малешевскиот срез; Панта Станковиќ, учител во Будинарци; Миливој Ќировиќ, учител во с. Робово; Сречко Петровиќ, учител во с.Чифлик; Богдан Божовиќ, учител во Пехчево; Живојин Кузмановиќ, учител во с. Ратево; Митар Гајиќ, управител на училиштето во Берово и Милосав Гојковиќ, учител во Берово[5]. И тука можат да се видат целите и задачите на тогашните просветни и културни власти во реализацијата на својата режимска политика на Кралството Југославија во периодот меѓу двете светски војни, како и во другите места на Македонија во разгледуваниот период. Дури истите лица за својата "одданост" биле предложени и за одредени награди[6].

Во продолжение накусо ќе се задржиме за некои активности што ги имал Народниот универзитет - Друштвото. Така на пример, на 9 јануари 1928 година во Пехчево било одржано предавање на тема: Значењето и важноста на народните читални, со 120 посетители; на 27 јануари 1928 дури во 16 села било одржано предавање - За значењето на "Св.Сава" како просветител - со околу 200 слушатели; на 5.2.1928 во с.Русиново, било одржано предавање -За овоштарството, со околу 100 учесници; на 16 февруари, истата година во Берово било одржано предавање - Потребата и значењето на соколството, со 200 слушатели.

Покрај просветно-културниот карактер на предавањата, од досега набележаните може да се види и граѓанската ориентација на одделните предавања од страна на тогашниот владеачки режим. Во прилог на ова говори и следното предавање одржано на 26 февруари 1928 г. дури во 16 села и тоа на тема: Историјата на Србите од доаѓањето на Балканот па до денес (се мисли до 1928 година)[7]. Или на 24 март истата година во с.Владимирово било одржано предавањето - Против бугарските бандити. Истото предавање било одржано на 28 април (истата година) и во с. Митрашинци[8].

5 Исто
6 Исто
7 Исто
8 Исто

Меѓутоа, и покрај таквата ориентација, сепак во програмата имало и предавања кои се од непосредна просветно-практична и културна дејност за учесниците на предавањата и на курсевите. Така на пример, на 18 март 1928 во с. Разловци - се одржало предавање - За одгледувањето на овошните дрвца; на 18 март во Пехчево - За хигиената како услов за живот; на 1 април во с. Будинарци - За чистотата; како и во с. Умлено - За млекарството; а во с. Разловци - Потребата од шумите.

Природно е да се очекува, поготово за тогашните услови, по селата да се одржуваат и предавања со тематика од одбележување на верските празници. Впрочем тоа одело и во прилог на владеачките режими, бидејќи веронауката и религијата им одела во нивна корист. Па така, на 7 април (на самиот ден Благовец) во с. Ратево било одржано предавање на тема: Значењето на празникот Благовец за христијанството; потоа на 6 мај, во с. Смојмирови-Ѓурѓовден како слава; истото предавање било одржано и во други села. Покрај предавањата од таков карактер имало и корисни предавања од сферата на едукацијата.

Имено, на 8 април било одржано предавање во Мачево - Како треба да ги чуваме и воспитуваме децата; истото предавање, на 22 април било одржано и Пехчево,односно - Должноста на родителите во воспитувањето на децата; на 17.4. во с. Разловци - За чувањето на здравјето.

Се одржувале и други предавања, како на пример: За пчеларството (с. Смојмирово, 22. 4.); За живинарството (с. Ратево, 29 април); Целите и задачите на одбраната (с. Умлено,9 мај); За сточарството и искористувањето на млеко (Берово, 13 мај); За негувањето и чувањето на децата (с. Негрево,17 мај); За пчеларството (Пехчево, 23 мај); За штетноста од алкохолот (с.Чифлик,30 мај); и други[9].

Покрај веќе споменативе активности во кои доминирала предавачката дејност, Народниот универзитет во Берово одржувал и други активности, како на пример: соколски вежби биле изведени во: с. Смојмирово (24 мај 1928) , с. Русиново (3 мај); и др. Покрај предавачката активност одреден простор во активностите земала и курсната настава. Во прилог на ова говори и фактот што на 9, 10 и 11 мај (споменатата година) во Берово бил одржан калемарски курс, а со оглед на потребите на месното население овој курс бил застапен и во некои поголеми села во Берово и Пехчево. Така во 1927/28 година што ја земавме од неговата извештајна активност, како најплодна, истиот народен универзитет одржал дури 175 предавања , што е реткост кај другите народни универзитети за едногодишен временски интервал. Во истите активности зеле учество повеќе илјади жители од Берово и Пехчево. Тоа од друга страна говори за интересот на населението за културно-просветно издигнување, што го иницирале конкретните и практичните потреби на населението во овој регион со специфично обележје во одгледувањето на одредени култури што се специфика за овој крај.

9 Исто

Како резултат на раздвижената активност, претседателот на Друштвото, потполковникот Свет. Милошевиќ, како и секретарот Душан Љујиќ, учител со писмо бр.40 од 15.12.1929 година се обратило до Министерството на просветата во Белград со кое барале заедно со другите тогашни граѓански друштва, за нивните потреби во Берово да се изгради т.н. Народен дом, во кој би се одвивале активностите на сите друштва за што вршеле "национална мисија" во разгледуваниот период во Малешевскиот срез, како што тогаш го нарекувале. Се предвидувало тој дом да претставува "... наша заедничка куќа" - како што стои во оригиналот на писмото[10].

Во периодот 1932-34 година, дејноста на оваа институција, како и на другите народни универзитети во Македонија била во мирување. Истата започнала во 1934/35 година и се одвивала според својата извештајна дејност.

Но и тука треба да се нагласи, особено по 1937 година, отпочнуваат интензивните процеси на јакнењето на прогресивното работничко и комунистичко движење, каде се врши соработка со другите и слични институции во Источна Македонија, кои дале голем придонес, како и во Македонија воопшто за будење и јакнење на прогресивната револуционерна и културно-просветна дејност и активност, особено во годините пред Априлската војна во 1941 година.

ПРИЛОГ 1

Aj. Мин. просв. - 66, Нар. Универзитети
у Мак. - 6, бр. 13074 од. 14.VIII 1928 г.

Господину Министру Просвете
Београд

У Берову, среза малешког, области брегалничке основан је прошле године Народни универзитет, а то је Друштво, коме је циљ: да помоћу речи: (предавања) и дела ради на нациналном, социјалном и културном подизању народа у срезу малешком.

Чланови тога Друштва одржали су за непуну годину дана 175 предавања,која су била врло успешна. Највиднији су му успеси били на основи славе - Крсног Имена и на школовању омладине, зашто је у Берову основан интернат за сиромашне ђаке. Остали део рада види ће из приложеног извештаја.

Томе Друштву недостају новчана средства и књиге, из којих би састављали своја предавања.

10 Види: АЈ. Мин. просв. -66, Нар. универзитети во Мак. - 6, акт бр.32520

Зато ми је част умолити Вас, да изволите проучити овај апостолски рад Друштва и ако налазите да је користан за нашу општу ствар на Југу, молим да га новчано или са књигама помогнете,како им та Ваша помоћ дала више подстрека за даљи успешни рад.

Новчане прилоге и књиге најбоље је слати непосредно томе Друштву на адресу:

Народном Универзитету - Берово (брегалничка област).

14. августа 1928 год. Учтив,

Београд

Народни посланик

У прилогу под . 1 достављам преглед из кога се види колико је, каквих и пред колико људи одржано предавања од чланова овога удружења са молбом на знање.

Овај се извештај подноси сада као годишњи извештај зато што се и школска година сада завршава, пошто учитељи чине већину чланова овога друштва, те са наступањом ферија биће слабији рад друштва а са почетком школске године рад друштва ће бити интензивнији.

Поред наведених предавања друштво је још учинило следеће:

1./ Два члана друштва у месецу мају (пошто у своме крају тада поичиње пролеће) ишла су од села до села и калемили воћке сељацима са благородних воћака

2./ Образовано је соколско друштво и стрељачка дружина.

3./ Образована је друштвена књижница од .... комада књига.

4./ Помогло је Беровски интернат /основне школе са 5000.- динара.

5./ Послато је једно дете из Митрашинци на лечење у Скопље.

6./ Обукло је о Св.Сави у свакој школи по једно дете.

7./ Опремљено је и послато једно дете на изучавање трговине у Вршцу.

8./ Набављено је 100 шајкача и раздељено деци по школама.

9./ Послато је 5 младића у подофицерској школи у Загребу и Београду.

1о./ Поручено су соколима вежбачке кошуље.

11./ Иницијативом чланова друштва учитеља одржано је више успешних села са програмом и представама по школама. Нарочито је било више успешних села у Берову и Пехчеву иницијативом управитеља школа.

12./ Подељени су свима школама лекови за ђаке за указивање прве лекарске помоћи.

Успех овога друштва осећа се и у народу и сада /јер сељаци приступају слободно члановима удружења и са више поверења гледају у чланове/ а доцније ће се осетити још више.

Наруку, за извршење задатка које је себи друштво ставило у дужност иде слога и потпуно разумевање међу члановима овога друштва као и материјална помоћ добротвора.

Сметње са којима је друштво имало да се бори у извршењу свога спственог задатка биле су:

а/ После образовања друштва и после одржаних неколико предавања осетила се против акција македонског бугарског комитета, која је убрзо сузбијена.

б. Врло слаба материјална помоћ, јер је друштво ослоњено само на чланске улоге; јер се једно овакво друштво нарочито у овоме крају неможе ни замислити без већих материјалних средстава.

У раду овога друштва истакли су се сви чланови али нарочито су се истакли следећеи:

а Арсеније Петковић, поглавар среза Малешког.

б. Панта М. Станковић, учитељ из Будинарца.

в. Миливоје Ћировић, учитељ у Чифлику.

д. Богдан Божовић учитељ у Пехчеву.

ђ. Живојин Кузмановић учитељ из Ратова.

е. Митар Гајић управитељ школе у Берово.

ж. Милосав Гојковић учитељ у Берову.

Како су сви истакнути чланови друштва млади људи пуни полета и одушевљења, то сам мишљења да би их требало на сваки начин предложити за одликовање те да им се на тај начин да подстрека за још бољи рад и осталима да послужи као пример, то да и они у будуће буду енергичнији.

| Дан | Место | Тема | Посета | Утисак за време и после предавања |
|---|---|---|---|---|
| 19-XII 1927 | Берово, Пехчево, Смојмирово, Негрево, Чифлик, Мачево Црник, Умљане, Робово, Владимирово, Будинарци, Митрашинци, Разловци, Ратево, Двориште и Русиново | Где је Србин ту је и слава, Нарочито је наглашено да приме своје славе, које су морали због бугарског терора напустити. | Укупно за сва места било око 3000 ду-ша. | Одличан јер је велики број грађана после ових предавања примио да слави своје старе славе. |
| 8-I 1928 | Усвима селима среза, свега 16 села | Дужност грађана према држави | Око 5000 у свима местима | Одличан |
| 9-I 1928 | Пехчево | Значај и важност народне читаонице | Око 120 | Врло добар јер сви уписали за чланове читаонице |
| 14-I 1928 | " | Нова година и наша нова држава | Око 60 | Добар |
| 27-I 1928 | У свима селима среза свега 16 села | Значај Св. Саве као просветитеља Српства | Око 200 | Добар |
| 29-I 1928 | Смојмирово | О Краљевићу Марку Српском јунаку у вези са позоришним комадом Меланија | Око 100 | Добар |
| 31-[illegible] 1928 | Разловци | О слави у кући једног домаћина који је примио славу. | Око 30 | Добар |
| 5-II 1928 | Русиново | О воћарству | Око 100 | Добар |
| 12-II 1928 | Ратово | О чистоти о храни и оделу | Око 50 | Добар |
| 15-II 1928 | у Мачеву | Ми смо браћа били јесмо и остајемо браћа | Око 50 | Добар |
| 16-II 1928 | Берово | Потреби и значају соколства | Око 200 | Врло добар |
| 19-II 1928 | Умљане | Васпитање и школовање женске деце у срезу Малешком | Око 5 | Добар |
| 26-II 1928 | У свим селима свега 16 села | Историја Срба од доласка на Балкан па до данас. | Око 100 | Добар |

| Дан | Место | Тема | Посета | Утисак за време и после предавања |
|---|---|---|---|---|
| 27-II 1928 | Пехчево | Домаће и школска васпитања у односу са развијањем националног васпитања | Око 115 | Добар |
| 4-III 1928 и 11-III т.г. | У свима селима среза свега 16 села | Историја Срба од доласка на Балкан па до данас. | Око 100 | Добар |
| 18-III 1928 | Чифлик | Народни обичаји среза Малешког који показују да су Малешевци прави Срби. | Око 50 | Добар |
| 9-III 1928 | Владимирово | О сузбијању ваши на шљивама | Око 100 | Добар |
| 18-III 1928 | Разловци | О гајењу воћарства | Око 100 | Добар |
| 18-III 1928 | Пехчево | Хигијена као услов за живот | Око 140 | Добар |
| 15-II 1928 | Владимирово | Противу Бугарских бандита | Око 400 | Врло добар |
| 25-III 1928 | Разловци | О сточарству | Око 100 | Добар |
| 25-III 1928 | Берово | " | Око 50 | Добар |
| 25-III 1928 | Будинарци | О штетном утицају пића на дечији организам | Око 60 | Добар |
| 25-III 1928 | Митрашинци | О старим доказивима истакнута народу да су у овим крајевима живели и живе Срби | Око 40 | Добар |
| 1-IV 1928 | Будинарци | О чистоти | Око 40 | Добар |
| 1-IV 1928 | Умљане | О млекарству | Око 40 | Добар |
| 1-IV 1928 | Разловци | Потреба шума | Око 100 | Добар |
| 7-IV 1928 | " | Бесправно држање оружја | Око 120 | Врло добар јер је одма предато од сакривеног оружја 3 пушке и 2 револвера |
| 7-IV 1928 | Ратово | Значај празника Благовести за хришћанство и о слави код Срба и значај славе | Око 150 | Добар и пре и после |

| Дан | Место | Тема | Посета | Утисак за време и после предавања |
|---|---|---|---|---|
| 7-IV 1928 | Будинарци | О буђењу свести код народа противу комитских банди | Око 50 | Добар |
| 8-IV 1928 | Смојмирово | О земљорадњи шта треба да радимо у првим данима пролећа | Око 60 | Добар |
| 8-IV 1928 | Пехчево | 1.) Рад у првим данима пролећа 2.) Противу бугарских бандита | Око 400 | Врло добар |
| 8-IV 1928 | Разловци | О сузбијању комитских акција | Око 60 | Добар |
| 8-IV 1928 | Мачево | Како треба децу да чувамо и васпитамо | Око 50 | Добар |
| 8-IV 1928 | Мачево | Практично показивање калемљења воћа | Око 55 | Добар |
| 15-VI 1928 | " | Данашња и некадашња слобода, за време комитских акција | Око 60 | Врло добар |
| 16-IV 1928 | Берово, Пехчево, Смајмирово, Негрево ит.д. сва места свега 16 села | Против бугарских бандита упућивање рада за њихово показивање и т.д. | Укупно за сва места око 4000 | Добар |
| 17-IV 1928 | Разловци | О чувању здравља | Око 60 | Добар |
| 17-IV 1928 | Пехчево | Значај дилетантског позоришта и утицај истог на националне свести | Око 130 | Добар |
| 18-IV 1928 | Чифлик | О Воћарству | Око 50 | Добар |
| 18-IV 1928 | Пехчево | О сузбијању ваши на шљивама | Око 200 | Добар |
| 22-IV 1928 | " | Дужност родитеља у васпитавању деце | Око 100 | Добар |
| 22-IV 1928 | Разловци | Последице јатаковања комитама | Око 100 | Добар |
| 22-IV 1928 | Смојмирово | О пчеларству | Око 80 | Добар |

| Дан | Место | Тема | Посета | Утисак за време и после предавања |
|---|---|---|---|---|
| 27-IV 1928 | Берово | О пљачкањима Македонско револуционарне организације као рушиоцима реда и поретка у држави | Око 3000 | Одлично |
| 28-IV 1928 | Митрашинци | О противу бугарских бандита | Око 400 | Врло добар |
| 29-IV 1928 | Мачово | О чистоти | Око 50 | Добар |
| 29-IV 1928 | Умљане | Шта треба да радимо када ма шта сазнамо о комитама | Око 60 | Добар |
| 3-V 1928 | Русиново | Соколске вежбе | Око 400 | Добар |
| 29-IV 1928 | Ратово | О живинарству | Око 32 | Добар |
| 15-V 1928 | Будинарци | Живот и рад Св. Ђорђа | Око 50 | Добар |
| 6-V 1928 | Смајмирово | Ђурђев Дан у вези са славом | Око 50 | Добар |
| 6-V 1928 | У свима селима среза свега 16 села | Ђурђевске свечаности / Уранак/ и значај слава код Срба | Око 3000 | Добар само је киша омела свечаност |
| 9, 10 и 11-V 1928 | Берово | Одржан калемарски курс | Било 9 младића | Добар |
| 9-V 1928 | Ратово | О Слави | Око 150 | Добар |
| 9-V 1928 | Умљане | Циљ и задатак Народне одбране | Око 50 | Добар |
| 13-V 1928 | Пехчево | О потреби подизања школа | Око 60 | Добар |
| 13-V 1928 | Берово | О сточарству и искоришћавању млека | Око 300 | Врло добар |
| 17-V 1928 | Негрево | О незн и чувању деце | Око 20 | Добро са обзиром на величину села |
| 20-V 1928 | " | О пчеларству | Око 25 | Добар |
| 20-V 1928 | Ратово | Воћарство | Око 28 | Добар |
| 21-V 1928 | Чифлик | О заветини /сеоској слави/ чиме је доказивано да је овај народ и оби-чај чист српски | Око 1000 /сабор/ | Врло добар |

| Дан | Место | Тема | Посета | Утисак за време и после предавања |
|---|---|---|---|---|
| 23-V 1928 | Пехчево | О пчеларству | Око 50 | Добар |
| 23-V 1928 | Владимирово | | Око 500 | Врло добар |
| 24-V 1928 | Смојмирово | Соколске вежбе | Око 300 | Добар |
| 27-V 1928 | Разловци | Значај школе | Око 150 | Добар |
| 30-V 1928 | Чифлик | О штетности алкохола ако се узме у већој мери | Око 30 | Добар |
| 3-VI 1928 | Мачево | Какве ће све последице искусити онај који чува и не пријављује комите | /сабор/ Око 1000 | Врло добар |
| 3-VI 1928 | Разловци | О Хришћанству | Око 50 | Добар |
| 4-VI 1928 | Смојмирово | О данашњој великој нашој Отаџбини | /сабор/ Око 1000 | Врло добар |

Свега одржано предавања сто седамдесет и пет.

28. јула 1928. г.
у Берову.

Факсимил од Прегледот на предавањата на Народниот универзитет во Берово одржан во 1928 година.

Aleksandar ILIEVSKI

# UN DOCUMENT POUR L'ACTIVITE DE L'UNIVERSITE POPULAIRE DE BEROVO EN 1928

**(Résumé)**

L'université populaire de Bérovo, et celles des autres centres urbains de Macédoine, a joué rôle très important dans le domaine de l'éducation populaire et dans l'élévation du niveau culturel da la population durant la période entre les deux guerres mondiales, bien qu'elle ait exercé son activité dans des donditions difficiles.

Malgré ces sirconstances défavorables dans lesquelles ont travaillé ces institutions éducatives et culturelles, il faut souligner le fait qu'elles ont eu du succès à l'accomplissment de leur activité veritablement enseignante et très importante pour cette région, surtout en 1928.

Plus de 175 cours ont été réalisés dans cette région durant la seule 1928 et cela des domains différents: médecine, hygiène, santé, agriculture, culture marcuchère et autre.

Bien que cette institution ait été fondée par le régime existant alors avec d'autre buts et une application différente, son rôle éducatif et culturel était très signifiante parcequ'elle représentait une carrefour spirituel pour le peuple.